# ЗАКОН
## за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем од Меѓународната банка за обнова и развој
## (Службен весник на РМ бр. 13 од 01.02.2006 година)

### Член 1

Во Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем од Меѓународната банка за обнова и развој ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/98), називот на законот се менува и гласи:
"Закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем што ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој и АД за производство на електрична енергија во државна сопственост "Електрани на Македонија", Скопје ".

### Член 2

Во членовите 1, 2 и 3 зборовите "ЈП Електростопанство на Македонија" се заменуваат со зборот " АД за производство на електрична енергија во државна сопственост "Електрани на Македонија", Скопје".

### Член 3

По член 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

### "Член 3-а"

За дел од средствата од заемот по Проектот за подобрување на енергетскиот систем што ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој и АД за производство на електрична енергија во државна сопственост "Електрани на Македонија", Скопје, а кои ќе се користат од страна на АД ЕСМ и АД МЕПСО, АД за производство на електрична енергија во државна сопственост "Електрани на Македонија", Скопје ќе склучи посебни договори со АД ЕСМ и АД МЕПСО за користење и враќање на средствата искористени за инвестиции кои со трансформацијата на АД ЕСМ се во нивна надлежност ".

### Член 4

Член 5 се менува и гласи:
"Министерството за финансии и АД за производство на електрична енергија во државна сопственост "Електрани на Македонија", Скопје ќе склучат договор со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски врз

основа на издадената гаранција кон Меѓународната банка за обнова и развој од член 2 на овој закон.

Доколку пристигнатите обврски врз основа на камата и главнина, во роковите утврдени со договор за заем, од името на АД за производство на електрична енергија во државна сопственост "Електрани на Македонија", Скопје, ги плати Република Македонија„ Министерот за финансии може да издаде налог до Управата за јавни приходи за блокирање на средствата на АД за производство на електрична енергија во државна сопственост "Електрани на Македонија", Скопје, врз основа на враќање на ДДВ со цел да се намират пристигнатите обврски кон кредиторот, односно да се надоместат на државата денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".